**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

# П Р О Г Р А М А

**За работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2023 година.**

**Гевгелија, април 2023 година.**

## 1. ВОВЕД ВО ПРОГРАМАТА

Активностите на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во текот на 2023 година ќе бидат насочени кон унапредување на работите сврзани околу безбедноста на сообраќајот на патиштата како и унапредување на сообраќајната култура и превентива.
Вообичаено,активностите во програмата ќе бидат усмерени кон унапредување во сообраќајното воспитување и образование на децата од предучилишните организации,основните и средните училишта.

Сето тоа ќе се реализира преку форми и методи на воспитно образовна работа како и спроведување на традиционални сообаќајно воспитно акции,манифестации и натпревари кои ќе го подигнат нивото на знаење кај децата од сите возрасти,што од друга страна ќе придонесе за подигање на нивото на сообраќајна превентива како и безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија воопшто.

## 2. СОРАБОТКА СО ОРГАНИТЕ,ОРГНИЗАЦИИТЕ КАКО И ИНСТИТУЦИИТЕ КОИ РАБОТАТ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНАТА ПРЕВЕНТИВА И БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во текот на 2023 година ќе воспостави соработка со сите органи,организации како и институции од подрачјето на општината кои работат на проблематиката поврзана со унапредување на сообраќајната превентива како и безбедност на сообраќајот на патиштата а пред се со МВР - Сектор за внатрешни работи Гевгелија, општинскиот и републичкиот сообраќаен инспекторат,воспитно-образовните институции од подрачјето на општината,општинскиот комунален инспекторат,Станиците за технички преглед на моторни и приклучни возила,Македонија пат- работна единица Гевгелија,Црвениот крст,Осигурителните компании на подрачјето на општината,пишаните и електронски медиуми,авто школите, авто такси превозниците,транспортните организации како и други институции.
Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата преку секојдневните контакти што ќе ги остварува со претходно наведените субјекти,ќе иницира спроведување на конкретни активности за подигање на нивото на сообраќајната превентива и безбедност на состојбата на патиштата,ќе иницира разрешувањена бројни проблеми поврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата,ќе бара и соодветни информации од надлежните субјекти за одредени состојби сврзани со состојбата со безбедноста на сообраќајот на патиштата а ќе покренува и прашања кои се битни за разрешување а кои се поврзани со безбедноста и превентивата во сообраќајот.

## 3. АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ,ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

### 3.1 АКТИВНОСТИ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ ( ДЕТСКИ ГРАДИНКИ )

Имајќи во предвид дека децата од најраната возраст се јавуваат како учесници во сообраќајот самостојно или под надзор на своите родители како пешаци или возачи на детски превозни средства,неопходно е преку воспитно образовниот процес согласно нивната возраст да се стекнат со најелементарните знаења за нив од областа на сообраќајот.Отука во предучилишните установи ОСБСП ќе се залага за :

**3.1.1 Активно вклучување на родителите во сообраќајното воспитување на децата:**

- Рок на извршување : преку текот на целата година
- Носител : Родителите на децата
- Место : На пат од дома до градинка и назад
- Финасиски средства : Не се потребни

**3.1.2 Теоретски дел за сообраќајното воспитувње на децата** од предучилишната возраст ( посебно за секоја група ) :

- Рок за извршување : Во текот на месец септември
- Носител : Воспитувачите од предучилишните установи и Командирот на сообраќајната полиција.

- Место : Детска градинка
- Финансиски средства :  не се потребни.

3.1.3 **Практичен дел за сообраќајно воспитување на децата** од предучилишната возраст (поединечно за сите предучилишни установи ,посета на раскрсница со вертикална и хоризонтална сигнализација таму каде што постојат услови )

- Рок на извршување : во тек на месец септември и почеток на месец октомври
- Носител : Воспитачите од предучилишните установи и командирот на сообраќајната полиција.
- Место : Населено место во кое  се наоѓа предучилишната установа
- Финансиски средства : Не се потребни

**3.1.4 Реализирање на содржини од областа на сообраќајното воспитание и образование** кои ќе се спроведуваат преку континуирани активности пред се како во делот на културата на говорот,рецитирање на песнички,изведба на драматизации,така и во делот на музичкото воспитување,детско ликовно творештво,па се до проекција на детски сообраќајни филмови ,како и други форми на активности.

- Рок на извршување : Преку текот на целата година
- Носител : Воспитачите од предучилишните установи
- Место : Детски градинки
- Финансиски средства :  20.000 ,00 денари за активностите во 8 (осум) предучилишни установи.

## 3.2 АКТИВНОСТ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Активноста во основните училишта ќе се насочи кон надградување на стекнатото знаење од преучилишните установи приоритено во понижите одделенија како и проширување на знаењата во областа на сообраќајот во повиските одделенија.

Активностите воглавно ќе бидат насочени кон :

**3.2.1 Активно вклучување на родителите во сообраќајното воспитување на децата преку акцијата “ Да ги заштитиме децата во сообраќајот – Безбедно од домот до училиштето и назад “**

- Рок на извршување : Преку текот на целата година
- Носител : Родителите на учениците
- Целна група : Учениците од првите одделенија
- Место :  На пат од дома до основните училишта и назад
- Финансиски средства : Не се потребни

**3.2.2 Теоретски дел за сообраќајно воспитување на децата** од основните училишта(посебно за секое одделение )

- Рок на извршување : Во текот на месец септември,октомври
- Носител : Одделенските наставници и командирот на сообраќајната полиција
- Целна група : Учениците од првите одделенија
- Место : Основните училишта
- Финансиски средства : Не се потребни.

**3.2.3 Практичен дел за сообраќајно воспитување на децата** од основните училишта (поединечно за секое основно училиште,посета на раскрсница со вертикална и хоризонтална сигнализација таму каде што постојат услови )

- Рок на извршување : Во текот на  месец септември
- Носител : Наставниците од основните училишта и командирот на сообраќајната полиција
- Целна група : Учениците од првите одделенија
- Место : Населеното место каде што се наоѓа основното училиште
- Финасиски средства : Не се потребни

**3.2.4 Формирање на сообраќајни секции во основните училишта** преку кои учениците од вишите одделенија ќе се стекнуваат со знаења од областа на сообраќајните правила и прописи,безбедноста во сообраќајот,ќе се унапредува сообраќајната култура и слично.Во тие рамки ќе се формираат сообраќајни училишни единици кои во соработка со МВР и практично ќе се запознаат со сообраќајните правила и прописи.

- Рок на извршување : До крајот на месец декември
- Носител : Наставниците по техничко образование

- Целна група : Учениците од 5 то до 9 то одделение
- Место : Основни училишта
- Финасиски средства : Не се потребни

**3.2.5 Реализирање на традиционалната воспитно сообраќајна манифестација " Детски семафор " .** Поради КОВИД 19 кризата оваа манифестација не се оддржуваше во текот на претходните две години.

**3.2.5.1 Реализација на натпервари по ликовно творештво** за содржини од областа на сообраќајот ( сообраќајни средства,знаци,учесници во сообраќајот и слично )

- За 1 – ви одделенија за најдобар цртеж со награден фонд од 500,00 денари
- За 2- ри и 3 –ти одделенија за најдобар цртеж со награден фонд од 700,00 денари
- За 4-ти,5-ти,6-ти одделенија за најдобар цртеж со награден фонд од 900,00 денари
- За 7-ми,8-ми и 9-ти одделенија за најдобар цртеж со награден фонд од 1.100,00 денари
- Рок на извршување : До крајот на месец март.
- Носител: Одделенските наставници и наставниците по ликовно воспитување
- Целна група : Учениците од 1 до 9-то одделение
- Место : Основните училишта
- Финансиски средства :22.400,00 денари ( 7 награди по 500,00 денари,7 награди по 900,00 денари, 7 награди по 1.100,00 )

**3.2.5.2 Реализација на натпревари по пишана мисла- состав** на тема безбедност во сообраќајот.

- За 3-ти и 4-ти одделенија за најдобар состав со награден фонд од 500,00 денари
- За 5-ти и 6-ти одделенија за најдобар состав со награден фонд од 700,00 денари
- За 7-ми и 8-ми одделенија за најдобар состав со награден фонд од 900,00 денари
- За 9 –ти одделенија за најдобар состав со награден фонд од 1.100,00 денари
- Рок на зивршување : До крајот на месец март
- Носител : Одделенските наставници и наставниците по македонски јазик
- Целна група : Учениците од 3 –то до 9 –то одделение
- Место : Основните училишта
- Финансиски средства :22.400,00 денари ( 7 награди во вредност од 500,00 денари,,7 награди во вредност од 900,00 денари,,7 наградиво вредност од900,00 денари и 7 награди во вредност од1.100,00 денари )

**3.2.5.3 Реализација на драматизации од драмските секции** на тема превентива и безбедност во сообраќајот во траење од најмалку 30 минути а најмногу до 45 минути.

- Рок на извршување : До крајот на месец април
- Носител : Наставниците по македонски јазик и учениците кои учествуваат во драмските секции.
- Целна група : Учениците од 1 –во до 4 – то одделение
- Место : Основни училишта
- Финасиски средства :Не се потребни

**3.2.5.4 Решавање на тестови заради проверка на познавањето на сообраќајните правила и прописи ,сообраќајните знаци и друго.**

- Рок на извршување : До крајот на месец март
- Носител : Одделенските наставници и наставниците по техничко образование
- Целна група : Учениците од 3 –то до 9 –то одделение
- Место : Основни училишта
- Финасиски средства : Не се потребни

**3.2.5.5Реализација на училишни натпревари по вешто возење со велосипед на полигон** ( се организира во сите основни училишта од нашиот регион )

- Рок на извршување : До крај на месец април
- Носител : Наставниците по техничко образование од основните училишта
- Целна група : Ученици од основни училишта од 4 –то до 9-то одделение
- Место : Основните училишта
- Финансиски средства :43.400,00 денари денари од кои

- Награди за трета група машки 7 за 1 – во место по 500,00 денари = 3.500,00 ден.,
- 7 за 2 –ро место по 300 = 2.100,00 ден.,
- 7 за 3 –то место по 200 денари = 1.400,00 ден.
- Вкупно 7.000,00 ден
- Награди за трета група женски , 7 за 1-во место по 500,00 ден = 3.500,00 ден
- 7 за 2 –ро место по 300,00 ден = 2.100,00 ден
- 7 за 3 –то место по 200,00 ден = 1.400,00 ден .Вкупно 7.000,00 ден

- Награди за четврта група машки, 7 за прво место по 700,00 ден,
- 7 за второ место по 500,00 ден
- 7 за трето место по 300,00 ден или вкупно 10.500,00 денари

- Награди за четврта група женски , 7 за прво место по 700,00 ден
- 7 за второ место по 500,00 ден
- 7 за трето место по 300,00 ден или вкупно 10.500,00 денари
- Изработка на дипломи : 84 дипломи по 100 денари = 8.400,00 денари

**3.2.5.6 Реализација на регионален натпревар** ( се организира во оние општини кои имаат формирано Општински совет забезбедност на сообраќајот на патиштата,а ги опфаќа и новоформираните општини од регионот кои немаат формирано општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата)

- Рок на извршување: До крајот на месец април
- Носител : Наставниците по техничко образование од основните училишта
- Целна група : Учениците од 4 то до 9то одделение
- Место : О.У Владо Кантарџиев – Гевгелија
- Финансиски средства : 34,300,00 денари ,од кои : 1.500,00 денари за третата група единечен пласман машки ( Прво место = 700,00 ден, Второ место =500,00 денари и Трето место = 300,00 денари ), 1.500,00 денари за третата група единечен пласман женски ( Прво место =700,00 денари,Второ место = 500,00 денари и Трето место = 300,00 денари), 1.800,00 денари за четврта група единечен пласман машки ( Прво место =800,00денари,Второ место=600,00 денари и Трето место = 400,00 денари) , 1.800,00 денари за четврта група единечен пласман женски ( Прво место =800 ,00 денари,Второ место = 600,00 денари и Трето место =400,00 денари )

**3.2.5.7 Учество на државен натпревар**

- Рок на извршување : До крајот на месец мај
- Носител : Наставник по техничко образование
- Целна група : Две најдобро пласирани девојчиња и две најдобро пласирани момчиња од Третата група и едно најдобро пласирано девојче и едно најдобро пласирано момче од Четвртата група на регионалниот натпревар.
- Место : Градот домаќин на натпреварот
- Финансиски средства : 20.000,00 денари ( патни трошкови за екипата и водичот на натпреварувачката екипа од општината до местото на натпреварувањето и обратно )

## 3.3 АКТИВНОСТИ ВО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

Имајќи во предвид дека средношколците се категорија на млади луѓе – адолесценти кои во сообраќајот се јавуваат не само како пешаци ,туку и како возчи на велосипеди како и велосипеди мотор,моторцикли,а се и идни потенцијални возачи на моторни возила,неминовно се наметнува потребата од нивно континуирано едуцирање.

Во рамките на средното училиште активностите во делот на сообраќајното воспитание и образование ќе бидат насочени кон подигнување на нивото на собраќајно знаење и култура кај средношколците преку :

**3.3.1 Училишен натпревар ,решавање на тест за проверка на познавањето на сообраќајните правила и прописи , сообраќајните знаци и друго :**

- Рок на извршување : До крајот на месец април
- Носител : Класните раководители

- Целна група :Учениците од средните училишта
- Место : О.У .Ц Јосиф Јосифовски – Гевгелија и гимназија Богданци.
- Финансиски средства : Не се потребни

**3.3.2 Организирање на сообраќајно – воспитна манифестација “ Сообраќајно техничка култура на младите “ ( практичен дел со велосипед со мотор до 50 cc. ) :**

- Рок на извршување : Во текот на месец мај
- Носител : Одговорен наставник од О.У.Ц Јосиф Јосифовски,командирот на сообраќајна полиција.
- Целна група : Учениците од средношколскиот центар кои уредно ја пополнат апликацијата за учество во натпреварот.
- Место : Ракометно игралиште ДТВ ПАРТИЗАН
- Финансиски средства : За прво место 4.000,00 денари, За второ место 3.000,00 денари и за освоенто Трето место 2.000,00 денари ,10.000,00 денари материјални трошоци и 15.000,00 за штампани маички за учесниците или вкупно : 34.000,00 денари.

**3.3.3 Учество на регионален натпревар**

- Рок на извршување : До крајот на месец април
- Носител : Одговорен наствник од О.У.Ц Јосиф Јосифовски
- Целна група : Тројца ученици од средношколскиот центар кои на училишниот натпревар постигнале најдобри резултати.
- Место : Градот домаќин на регионалниот натпревар
- Финансиски средства : 20.000,00 денари

**3.3.4 Учество на државен натпревар**

- Рок на извршување : До крајот на месец мај
- Носител : Одговорен наставник
- Целна група : Екипа формирана од најдобрите средношколци од Струмичкиот регион во кој припаѓа и Гевгелија
- Место : Градот домаќин на државниот натпревар
- Финансиски средства : 20.000,00 денари

## 4.КООРДИНАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

Координацијата на активностите предвидени во програмата ќе ги спроведуваат комисии во рамките ОСБСП Гевгелија

- Комисија за сообраќајно техничко воспитание и образование на децата
- Комисија за сообраќајно техничко уредување и безбедност во сообраќајот

Активностите во најголемиот дел од програмата воглавно ќе се спроведуваат од страна ОВР Гевгелија – сообраќајна полиција .За таа цел поради навремено и квалитетно спроведување на теоретските делови од програмата предвидени како во предучилишните така и во основните училишта,како и поради воспоставување на аналитичка евиденција во делот на безбедноста на сообраќајот на патиштата која го покрива СВР Гевгелија.

## 5. РЕКАПИТУЛАР НА ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА.

За реализација на предвидените активности потребни се вкупно 250.500,00 денари.
Средствата се обезбедени од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година ,Програма ДО- Градоначалник ставка 464-Други трансфери .

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ**
д-р Петар Ташевски

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 г.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 27.04.2023 година, донесе

# ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет**
**за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Гевгелија**
**за 2023 година**

1.Се усвојува Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Гевгелија за 2023 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-744/1
27.04.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**